Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-5065/11
05.06.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност, што го утврди на седницата, одржана на 3 јуни 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереници Билјана Ќулавковска, државен советник во Министерството за култура и туризам и Фросина Ѓоршовска, раководител на сектор во Министерството за култура и туризам.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.06.04 19:33:21 +02:00

Подготвил: Маја Богоевска, 04.06.2025
Проверил: Никола Пасков, 04.06.2025
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 04.06.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 04.06.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.06.04 14:24:30 +02:00


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 04.06.2025 13:21 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=9b5ac78d-bf10-4268-aaf8-4e3dda6de434&docSharePointURL=/materijali/2025/638832607736823818/Documents/act.docx&materialId=03b4ed62-ca75-443d-9a27-ec1ed1c23b8b** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Влада на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Зоран Љутков, министер за култура и туризам и<br><br>Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Билјана Ќулавковска, државен советник во Министерството за култура и туризам и<br><br>Фросина Ѓоршовска, раководител на сектор во Министерството за култура и туризам |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност

Скопје, јуни 2025 година

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.122/21 и 16/25), се уредуваат условите и начинот за вршење на туристичката дејност.

Собранието на Република Северна Македонија во 2024 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), согласно кој Министерството за култура, продолжува да работи како Министерство за култура и туризам, со надлежности утврдени со овој закон.

Согласно законските измени, Министерството за култура и туризам добива ингеренции за интегрално планирање на развојот на туризмот, развој и одржливо користење на туристички простор, промоција на туризмот на домашниот и странскиот пазар, подобрување на конкурентноста на туристичките места и производи, истражување на туристичкиот пазар и развој на туристички информациски систем, како и уредување на условите за вршење на дејноста на туристичките агенции.

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност, се постапува согласно Заклучокот на Владата на Република Северна Македонија од Седумдесет и првата седница одржана на 29 април 2025 година, согласно кој се задолжува Министерството за култура и туризам до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност и Предлог на закон за престанување на важење на Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија.

Владата на Република Северна Македонија со Закон ја основа Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, согласно кој се уредени нејзините надлежности, организација и работење.

Со Законот се дефинирани основните надлежности на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и тоа: професионално презентирање на сите сегменти и региони од туристичката понуда, изготвување анализи за потенцијалите на домашниот и странскиот туристички пазар, подготвување и реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот, која ќе ги опфати сите сегменти но и региони од туристичката понуда, изготвување анализи за постигнатите резултати од спроведување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот, спроведување постапка за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет во Република Северна Македонија, формирање и развивање единствен туристичко информационен систем и негово поврзување со други информативни системи во земјата и странство, соработување со туроператори за привлекување на што поголем број на туристи, соработување со приватни (домашни и странски) претприемачи и компании, предлагање квалитетни мерки и активности за промоција и поддршка во туристички неразвиените делови на државата, активно промовирање на вкупниот туристички потенцијал на Република Северна Македонија во земјата и во странство, обезбедување на информативен пропаганден материјал за промоција на туристичките вредности (печатени публикации, аудио и видео

материјали, интернет презентации, сувенири и друго), развивање и промовирање нови интегрални туристички производи, соработка со надлежните институции во поглед на развојот на инфраструктурата, туристичко-културните настани, логистиката во туризмот, научно-образовната дејност и други кои придонесуваат за развој и квалитативно издигнување на туристичката понуда, соработка и насочување на работењето на единиците на локалната самоуправа во поглед на квалитетен одржлив развој и промоција на туристичката понуда која ќе ги вклучува и локално оргaнизираните туристички настани, поттикнува и ги координира сите туристички организации, комори, асоцијации, здруженија и други институции од областа на туризмот и угостителството, со цел за унапредување и промоција на туризмот, иницира и насочува меѓуопштинска и регионална соработка за заедничка промоција на туризмот во дадените региони, иницирање и реализирање меѓународна соработка со сродни организации и институции, учествува во привлекување инвестиции во туризмот во Република Северна Македонија и врши други активности согласно со закон и Статутот.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Законот се засновува на истите начела на кои се засновува Законот за туристичката дејност.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одредбите од Предлогот на закон не создаваат финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства, надвор од средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија наменети за културата.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложениот закон не е потребно обезбедување на нови финансиски средства, ниту предложените измени повлекуваат материјални обврски за одделни субјекти, надвор од средствата утврдени за оваа намена во Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИЗМЕНАТ СО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Спроведувањето на Законот не предизвикува потреба од измена на други закони, а ќе предизвика потреба од донесување на следниве подзаконски акти:

1. Подзаконски акт со кој ќе се пропише начинот, видот и висината, како и формата и содржината на образецот на барањето за субвенции.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/211, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.31/20, 80/20 и 16/25), членот 57 се менува и гласи:

„Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за култура и туризам донесува годишна Програма за промоција и поддршка на туризмот, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на Буџетот на Република Северна Македонија во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Со цел поттикнување на странскиот организиран туристички промет, побрз развој на туризмот и формирање на поконкурентни цени на туристичките аранжмани за странски туристи, вршителите на туристичка дејност и туроператорска дејност можат да поднесат барање за добивање на субвенции за престој на странски туристи во Република Северна Македонија на дел од трошоците за остварен организиран воздушен, патен и железнички туристички промет и комбинирани и кружни тури во тековната година (во натамошниот текст: субвенции).

Барањето од став 2 на овој член, со потребната документација се поднесува писмено до Министерството за култура и туризам или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронски документи, електронска идентификација и доверливите услуги.

Министерот за култура и туризам донесува решение за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето и потребната документација.

Решението од став 4 на овој член, може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на подносителот на барањето на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Против решението од став 4 на овој член, може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од добивањето на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Министерот за култура и туризам ги пропишува начинот, видот и висината на субвенциите од став 2 на овој член.

Министерот за култура и туризам ги пропишува формата и содржината на барањето за добивање на субвенции и потребната документација од став 3 на овој член.

Средствата за субвенции се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и други извори согласно закон.

Министерството за култура и туризам води Регистар за поднесени барања и издадени решенија за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет.

Министерот за култура и туризам ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за поднесени барања и издадени решенија за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет.

Член 2

По членот 57 се додававаат три нови членови 57-а, 57-б и 57-в, кои гласат:

„Член 57-а

Министерот за култура и туризам формира Совет за промоција и поддршка на туризмот, како стручно и советодавно тело на министерот за култура и туризам.

Советот за промоција и поддршка на туризмот се состои од претседател и 14 члена, што ги именува и разрешува министерот за култура и туризам, и тоа:

- четири претставници од туристичките стопански комори,
- седум претставници од туристичките здруженија, асоцијации и федерации на Република Северна Македонија,
- двајца претставници од високообразовните институции од областа на туризмот во Република Северна Македонија,
- еден експерт од областа на туризмот и маркетингот, со најмалку десет годишно искуство во туризмот и маркетингот на предлог на министерот за култура и туризам и
- еден претставник од Здружението на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

Членовите на Советот за промоција и поддршка на туризмот од став 2 на овој член, ги именува министерот за култура и туризам, со примена на начелото за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците врз основа на критериумите за стручност и компетентност, за време на мандатот на министерот за култура и туризам.

На претседателот и членовите на Советот за промоција и поддршка на туризмот, за работата им следува соодветен надоместок, што го определува министерот за култура и туризам, во зависност од бројот на одржани седници и од обемот и сложеноста на извршената работа.

Член 57-б

Советот за промоција и поддршка на туризмот ги врши следниве работи:

- дава мислења, предлози, упатства и препораки за развојот и промоцијата на туризмот,
- подготвува анализа на остварените резултати од имплементацијата на годишната програма од членот 57 став 1 од овој закон, со доставување стручни мислења до министерот за култура и туризам,
- врши истражувања и анализи, по барање на министерот за култура и туризам и по сопствена иницијатива,
- подготвува извештаи врз основа на спроведените истражувања и анализи, со препораки и насоки за преземање на активности во надлежност на Министерството за култура и туризам,
- предлага мерки за развој и промоција на туризмот и
- врши други работи по барање на министерот за култура и туризам.

Советот за промоција и поддршка на туризмот донесува програма и деловник за својата работа.

Советот за промоција и поддршка на туризмот еднаш годишно до министерот за култура и туризам доставува извештај за својата работа, за информирање.

Член 57-в

Советот за промоција и поддршка на туризмот го свикува и со него претседава претседателот на Советот, кој се избира од редот на членовите на Советот за промоција и поддршка на туризмот, со мнозинство од присутните членови на конститутивната седница.

Советот за промоција и поддршка на туризмот може да има и заменик-претседател, кој се избира од редот на членовите на Советот за промоција и поддршка на туризмот, со мнозинство од присутните членови на конститутивната седница.

Советот за промоција и поддршка на туризмот заседава најмалку еднаш на секои три месеци или по барање на министерот за култура и туризам, претседателот на Советот или една третина од претставниците.

Советот за промоција и поддршка на туризмот одлучува со просто мнозинство од присутните членови на Советот.

Член 3

Опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, Регистарот за поднесени барања и издадени решенија за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет, средствата за работа и имотот, побарувањата и намирувањата на обврските, како и други средства на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија, се преземаат во Министерството за култура и туризам согласно со овој закон, во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Средствата уплатени на сметките на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија ги пренесува на сметките на Министерството за култура и туризам и на дејностите од областа на културата.

Вработените кои до денот на влегувањето во сила на овој закон имаат засновано работен однос во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија се превземаат во Министерството за култура и туризам согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Министерството за култура и туризам во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

На директор и на членовите на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија им престанува вршењето на функцијата со денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Започнатите постапки за доделување на субвенции согласно Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14, 83/18

и „Службен весник на Република Македонија” бр. 3/25) до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат согласно одредбите од овој закон.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14, 83/18 и „Службен весник на Република Македонија” бр. 3/25).

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од Предлогот на закон се утврдува донесувањето годишна Програма за промоција и поддршка на туризмот, начинот на субвенционирање како и утврдувањето законска можност за донесување на подзаконски акт со кој ќе се пропишат начинот, видот и висината, како и формата и содржината на образецот на барањето за остварување на субвенции.

Со членот 2 се уредува формирањето на Совет за промоција и поддршка на туризмот, како стручно и советодавно тело на министерот за култура и туризам, неговите надлежности и начинот на неговото работење.

Членовите 3, 4, 5 и 6 се преодни одредби со кои се уредува превземањето на вработените, опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, регистарот за поднесени барања и издадени решенија за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет средствата за работа, побарувањата и намирувањата на обврските, како и други средства од надлежностите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, започнатите постапки за доделување на субвенции, престанок вршењето на функцијата на директорот и на членовите на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и престанувањесо работа на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија.

Со членот 6 се уредува престанување на важењето на Законот основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија.

Со членот 7 се уредува влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани со решенијата утврдени во Законот за туристичката дејност.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесувањето на предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност се преземаат надлежностите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија во Министерството за култура и туризам.

Со донесувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност престанува да важи Законот основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 57

Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за култура и туризам, донесува годишна Програма за развој на туризмот.

Заради побрз развој на туризмот и формирање поконкурентни цени на туристичките аранжмани за странски туристи, министерот за култура и туризам ќе го пропише начинот, видот и висината на субвенциите.

Средствата од ставовите 1 и 2 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.